РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

*ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА*
**Бр. 08-2749/6 од 16.06 2025 година**
Скопје

Врз основа на член 50 став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и Правилникот за утврдување на начинот, постапката и критериумите за користење на финансиски средства од буџетот на општината Гази Баба, за доделување на финансиска поддршка наменета за пензионери во социјален ризик, жители на општина Гази Баба со број 08-2727/2 од 05.05.2025, Градоначалникот на Општина Гази Баба ја донесува следната

**ОДЛУКА**
**за финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик**

**Член 1**

**(1)** Финансиска поддршка за тековната 2025 година од Буџетот на општина Гази Баба, од Програмата Д0- Градоначалник, конто 464990 (други трансфери) наменета за пензионери во социјален ризик, чиј износ на пензија не е повисок од 23.000,00 денари и се жители на општина Гази Баба, се доделува на 2662 баратели, во износ од 2778,00 денари со вкалкуриран персонален данок на доход, односно во нето износ од 2.500,00 денари по лице.

**(2)** Поради неисполнување на условите утврдени во Правилникот за утврдување на начинот, постапката и критериумите за користење на финансиски средства од буџетот на општината Гази Баба, за доделување на финансиска поддршка наменета за пензионери во социјален ризик, кои се жители на општина Гази Баба одбиени се 216 баратели на финансиска поддршка.

**Член 2**

Составен дел на Одлуката се:

**(1)** Список на жители на Општина Гази Баба кои се пензионери во социјален ризик и на кои се одобрени финансиски средства од буџетот на општината Гази Баба

**(2)** Список на жители на Општина Гази Баба кои се пензионери во социјален ризик и на кои не се одобрени финансиски средства од буџетот на општината Гази Баба

**Член 3**

**(1)** Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување.

**(2)** По еден примерок од Одлуката се доставува до Градоначалникот на Општина Гази Баба, Секторот за финасиски прашања и Комисијата за доделување на финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик.

**(3)** Оваа Одлука се објавува на веб страната на општина Гази Баба и на огласната табла на општината.

**Градоначалник на**
**Општина Гази Баба**
**Бобан Стефковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Комисијата за доделување на финансиска
поддршка на пензионери во социјален ризик

1. Валентина Ангеловска- Ќиевска, претседател
2. Катерина Богдановска, заменик престедател
3. Даниела Јанкова, заменик член
4. Елизабета Дескова, член
5. Анета Лакордова, заменик член
6. Анита Илиевска Кузеска, член
7. Мариела Христова, заменик член
8. Игбал Хусеин, член
9. Марија Ѓорѓиевска, заменик член